Бр. 12-1312/4
21.03 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шестата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност, односно нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1312/1 од 16.03.2019 година.

Предметот со број 12-1312/1 од 16.03.2019 година да се затвари и да се архивира.

До подносителот на поднесокот/пријавата не се доставува писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на Државната комисија, од причини што подносителот, до ДКСК, не доставил адресни податоци за контакт.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1312/1 од 16.03.2019 година е оформен врз основа на добиен поднесок од непознат подносител – по електронска пошта, од недостапна електронска адреса.

Со поднесокот, кој нема елементи на пријава за сомневања за сторени коруптивни дејствија од страна на конкретни вршители на јавни функции, избрани или именувани лица и други службени лица, се изнесуваат лични ставови и размислувања на подносителот за општествените состојби во Република Северна Македонија и притоа се декларира подршка на надлежните органи, вклучително и на ДКСК во сузбивањето на корупцијата и криминалот.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk